# ОПШТИНА КРАТОВО

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 6 Година 2019*
*30.04.2019 година*
*Кратово*

*Претплата за 2019 година*
*изнесува _____________ денари*
*Тек. Сметка бр. _____________*

**Содржина** **Стр.**

- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2019 година ........................................ 1
- Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2019 година ..................... 1
- Заклучок за објавување на Одлука за прифаќање на Договорот за обезбедување на услуги за управување со отпад и одржување на јавната чистота во единица на локалната самоуправа на Општина Кратово .................................................. 2
- Одлука за прифаќање на Договорот за обезбедување на услуги за управување со отпад и одржување на јавната чистота во единица на локалната самоуправа на Општина Кратово ......................... 2, 3
- Заклучок за објавување на Решение за формирање на Комисија за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ............................................................ 3
- Решение за формирање на Комисија за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ............................... 3
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Правилник за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово ...................................................................... 4
- Одлука за усвојување на Правилник за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово .................................... 4
- Правилник за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово .................................................... 5, 6
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести ....................................................................... 6
- Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести ........................... 7

**************************************************************************************************


- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Финансискиот извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година ........................................................ 7
- Одлука за усвојување на Финансискиот извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година .................................... 8


**ПРИЛОЗИ:**


- Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести ........................................... 8 стр.
- Одлука за усвојување на Финансиски извештај за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово .............. 1 стр.


**************************************************************************************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 30.04.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на општина Кратовоза првиот квартал од 2019 година бр.09-742/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 760/1 — **Градоначалник**
30.04.2019 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2019 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за првиот квартал од 2019 година предложен од Градоначалникот на Општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за периодот од 01.01.2019 до 31.03.2019 година кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 742/1 — **Претседател**
25.04.2019 г. — **на Советот на Општина Кратово**
Кратово — Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 30.04.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за прифаќање на Договорот за обезбедување на услуги за управување со отпад и одржување на јавната чистота во единица на локалната самоуправа на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за прифаќање на Договорот за обезбедување на услуги за управување со отпад и одржување на јавната чистота во единица на локалната самоуправа на Општина Кратово бр.09-743/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 761/1
30.04.2019 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

**за прифаќање на Договорот за обезбедување на услуги за управување со отпад и одржување на јавната чистота во единица на локалната самоуправа на Општина Кратово**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кратово го прифаќа новиот сублимиран Договор за обезбедување на услуги за управување со отпад и одржување на јавната чистота во единица на локалната самоуправа на општина Кратово и се овластува Градоначалникот на Општина Кратово да го потпише предметниот договор во име на општината.

**Член 2**

Со оваа одлука се потврдува дека согласно одредбите од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.95/12; 163/13; 42/14; 44/15 и 31/16), одредбите од Законот за управување со отпад ("Службен весник на РМ" бр.68/04; 107/07; 102/08; 143/08; 124/10; 9/11; 51/11; 123/12; 147/13; 163/13; 51/15; 146/15; 156/15 и 39/16) и одредбите од Законот за јавна чистота ("Службен весник на РМ" бр.130/10; 23/11; 53/11; 80/12; 163/13; 44/15; 47/15 и 31/16), а врз основа на Одлука на Совет за отстапување на вршење на работите на собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови неопасен отпад на ЈП "Кратово" од Кратово бр.09-1741/1 од 27.12.2017 и Одлука на Совет за отстапување на вршење на работите на одржување на јавна чистота на ЈП "Кратово" бр.1641/1 од 12.12.2017, работите за обезбедување на услуги за управување со отпад и одржувањето на јавната чистота во Општина Кратово се отстапени на ЈП "Кратово" од Кратово кое е регистрирано за вршење на овие работи согласно закон.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

**Член 4**

Одлуката ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 743/1 **Претседател**
25.04.2019 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 30.04.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за формирање на Комисија за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Решение за формирање на Комисија за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-744/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 762/1 **Градоначалник**
30.04.2019 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22, член 32 став (2), член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006) и член 105, член 106 став (2), член 107 и член 108 од Деловникот на Советот на општината Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.2/2010), а согласно Правилникот за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/2 Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**I.** Со Решението Советот на Општина Кратово формира Комисија за разгледување на барањата за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово на лица граѓани на Општина Кратово.

**II.** Комисијата ја сочинуваат 5 (Пет) члена кои се членови на Советот на Општина Кратово и тоа:

1. Слободан Постолов
2. Свете Стојмановски
3. Влатко Постолов
4. Драган Зафировски и
5. Златко Стојановски

**III.** Комисијата има задача да се состанува најмалку еднаш месечно и да ги разгледа поднесените барања со документите поднесени од барателите, а по разгледувањето да поднесе предлог на Советот на Општина Кратово да донесе одлука за доделување на помош.

**IV.** Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 744/1 **Претседател**
25.04.2019 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 30.04.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Правилник за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Правилник за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово бр.09-745/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 763/1 — **Градоначалник**
30.04.2019 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22, член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006) Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Правилник за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**I.** Со одлуката советот на општина Кратово усвојхува Правилник за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово.

Правилникот е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**II.** Одлуката влегува во сила во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 745/1 — **Претседател**
25.04.2019 г. — **на Советот на Општина Кратово**
Кратово — Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 22, член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006) Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за критериуми за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово**

**I.** Од буџетските средства наменети за социјална заштита во исклучително оправдани случаи може да се доделат парични средства во вид на помош на граѓани од Општина Кратово кои се нашле во состојба на социјален ризик, на лица со посебни потреби, помош за ученици и студенти, средства за лекување, опожарена-уништена куќа и други слични ситуации во рамките на материјалните можности на буџетот на општината.

**II.** Доделувањето на средствата како помош се врши основа на критериумите пропишани со овој Правилник и тоа:

- Барателите поднесуваат образложено и документирано барање до Комисијата за давање на предлог за доделување на помош од буџетот на Општина Кратово која што ја формира со Решение Советот на Општина Кратово од редот на советниците. Задача на комисијата е да се состанува најмалку еднаш месечно и да ги разгледа поднесените барања со документите поднесени од барателите, а по разгледувањето на истите да поднесе предлог до Советот на Општина Кратово да донесе Одлука за доделување на помош, а со која ќе го овласти Градоначалникот на Општина да изготви поединечно Решение за исплата на доделената помош.
- Кон Барањето за доделување на помош барателот е потребно да приложи некои од следните документи со кои се потврдува семејно-материјалната положба, состојбата на социјален ризик, опасност по здравјето и слично:

1. Потврда од Агенцијата за вработување за статусот на барателот;
2. Потврда од Центарот за социјални работи за социјалниот статус на барателот;
3. Потврда (Уверение) од Управата за јавни приходи за имотната и семејната состојба на барателот;
4. Потврда (за ученици и студенти) за запишан или заверен семестар-година на училиште на барателот, доколку се бараат средства за учество на натпревари да се достави документација (Покана, Програма, Агенда мејл коресподенција и сл.);
5. Медицинска документација за здравствената состојба на барателот (за лица кои бараат помош за лекување или болнички трошоци);
6. Документи за фамилијарната состојба на барателот (куќа која се гради, во која што живее и сл.) за барателите на помош кои бараат помош за таа намена; и
7. Други потребни документи потребни за да донесе советот одлука како што се: Записници, Извештаи, Наоди, Проценки и сл.

- Висината на доделената помош може да изнесува најмногу до износот на реалните потреби на барателот и може да се додели само во ситуација кога се исцрпени сите други можности кај надлежните институции во државата за обезбедување на помош за барателот.
- Износот на поединечното барање до кое може да одлучи Советот на општина Кратово не може да надмине повеќе од 15.000.00 (Петнаесет илјади) денари, а на годишно ниво не повеќе од предвидените средства за таа намена во програмата на буџетот на Општина Кратово. Со одобрувањето на барањата не смее да се наруши финансиската стабилност на буџетот на општината.
- Необразложени и недокументирани барања не можат да бидат предмет на разгледување и одобрување.
- Одобрената помош може да биде реализирана со директна исплата на корисникот или на фирма орган, установа или институција во парични средства, материјали за

градба и слично во зависност од тоа кој е најдобриот начин за ефектуирање на помошта за кое нешто одлучува советот по предлог на Комисијата.

- При одобрувањето на помошта општината може да побара задолжителни податоци за барателот од органите и нституциите кои водат евиденција за социјалната, имотната, материјалната и друга расположива евиденција на барателот за помошта. Исто така Општината постојано соработува и има комуникација со Центарот за социјални работи, Здравствен дом Кратово, Агенција за вработување и други органи, а по потреба Комисијата или Советот може да побара доколку е потребно на седниците да присуствува и стручно лице од погоренаведените органи за појасно да се објасни оправданоста на барањата од барателите.

**III.** Овој Правилник ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово", а влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

09 - 745/2 **Претседател**
25.04.2019 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 30.04.2019 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болестии**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести бр.09-746/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 764/1 **Градоначалник**
30.04.2019 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр.66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016), член 22 став (1) точка 9, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а во согласност со Стручниот елаборат и мислење на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово бр.03-335 од 08.03.20198 година и Решение бр.08-339/62 од 22.02.2019 година и согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2019 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести во 2019 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 746/1 **Претседател**
25.04.2019 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 30.04.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Финансискиот извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Финансискиот извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година бр.09-747/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 765/1 **Градоначалник**
30.04.2019 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 25.04.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Финансискиот извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Финансискиот извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово за период од 01.01.2019 до 31.03.2019 година изготвен од ЈП "Кратово" и усвоен со Одлука на Управниот одбор на Јавното ретпријатие бр.02-357/1 од 18.04.2019 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 747/1 **Претседател**
25.04.2019 г. **на Советот на Општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.